

# TIMOR

## ПРОЕКТ: ЗАЕДНО ЗА ПОВЕЌЕ МОЖНОСТИ И ПОДДРШКА

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Проект имплементиран од:

Брошурата е подготвена во согласност со Европските упатства за лесно читање, за да биде достапна и лесна за читање и разбирање за лицата со интелектуална попреченост и сите луѓе

Содржината на публикацијата е единствена одговорност на:

1. Центарот за промоција на одржливи земјоделски практики (ЦеПроСАРД),
2. Здружение на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија (АСЕРНМ),
3. Специјален Институт (СИ) Демир Капија
4. Општина Демир Капија
5. Фондација ЛОЗА, Шведска

и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија

ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА Е ИЗГОТВЕНА СО ПОМОШ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Европската Унија (скратено, ЕУ) е група од 28 земји.
Овие земји ги нарекуваме „земји-членки“.
Тие се здружија за да бидат посилни политички и економски.

ЕУ донесува закони што се важни за лицата со посебни потреби.
На пример, донесе закон со кој на лицата со посебни потреби им се даваат повеќе права кога патуваат.

ЕУ им дава пари и на своите земји-членки.
Некои од овие пари се користат за лица со посебни потреби.

## ГЛОБАЛНАТА ЦЕЛ НА ПРОЕКТОТ „ТИМОР” Е:

## ПРЕСЕЛБА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ КОИ ЖИВЕАТ ВО ИНСТИТУЦИИ

- ИНСТИТУЦИИТЕ СЕ МЕСТА КАДЕ ЖИВЕАТ ЛИЦА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ СО ДРУГИ ЛИЦА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ.

- ТИЕ ЖИВЕАТ ОДВОЕНО ОД ДРУГИТЕ ЛУЃЕ.
- ОВА Е ОНА ШТО ГО НАРЕКУВАМЕ „СЕГРЕГИРАНО“.



- ПОНЕКОГАШ ТОА СЕ СЛУЧУВА ПРОТИВ НИВНАТА ВОЛЈА.

- ЛУЃЕТО КОИ ЖИВЕАТ ВО ИНСТИТУЦИИ ТРЕБА ДА ГИ СЛЕДАТ ПРАВИЛАТА НА ИНСТИТУЦИЈАТА И НЕ МОЖАТ САМИ ДА ОДЛУЧАТ.



## ПРЕКУ ПРОЕКТОТ „ТИМОР” ЌЕ ИМ ПОМОГНЕМЕ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ:

- ДА ИЗЛЕЗАТ ОД ИНСТИТУЦИИТЕ
- ДА ЖИВЕЕАТ САМОСТОЈНО ВО ЗАЕДНИЦАТА
- ДА ИМААТ ПОДДРШКА ДА ГО СТОРАТ ТОА ШТО САКААТ.

ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТЌЕ МОЖАТ ИСТО ТАКА

- ДА ИЗБЕРАТ СО КОГО И КАДЕ ДА ЖИВЕАТ
- ДА ОДЛУЧАТ КАКО САКААТ ДА ГО ПОМИНАТ СВОЕТО ВРЕМЕ
- ДА ИМААТ ИСТИ ИСКУСТВА КАКО И СИТЕ ДРУГИ ЛУЃЕ
- ДА ДОБИЈАТ ПОДДРШКА КОГА ИМ Е ПОТРЕБНА ПОМОШ ЗА ВРШЕЊЕ НА СЛОЖЕНИ РАБОТИ НА РАЗЛИЧНИ И КОМПЛИЦИРАНИ НАЧИНИ.



# СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ





СЦ1: Да се воспостават услови за деинституционализација

- Деинституционализацијата им помага на луѓето да се иселат од институциите. За да се започне со деинституционализацијата треба:

   - Да се подготват услови за луѓето што живееле во институции да добиваат помош за да можат да живеат самостојно во заедницата.

СЦ2: Да се изврши преселба на лица со попреченост од резиденцијални институции во единици за поддржано живеење

- Кога ќе се подготват домовите и лицата кои треба да се грижат и да им помагаат на луѓето што живееле во институции да добиваат помош, ќе се започне со преселба на лицата со попреченост.

СЦ3: Да се развијат и имплементираат иновативни социјални услуги за активно вклучување на лицата со попреченост во заедницата

- Ако имате интелектуална попреченост, тоа значи дека е потешко да разберете некои информации и да научите нови вештини, отколку што е тоа за другите луѓе.

   - Ова ги прави некои делови од животот потешки.
   - Луѓето со интелектуална попреченост честопати имаат потреба од поддршка при учење или на работа.
   - Постојат работи што можат да го направат животот полесен за лицата со интелектуална попреченост.
   - Проектот „ТИМОР"- ќе им помогнеме на луѓето со попреченост да им биде животот полесен.
   - Проектот „ТИМОР"- ќе им помогнеме на луѓето со попреченост полесно да научат нови работи.

СЦ4: Да се подигне јавната свест за предностите на процесот на деинституционализација и потребата за инклузија на лицата со попреченост во општеството

**- Користејќи СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ проектот „ТИМОР” ќе им кажува на сите луѓе дека лицата со интелектуална попреченост треба да живеат во мали групни домови во близина на своите семејства**

o СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ се составени од веб-страници и АПЛИКАЦИИ кои ви овозможуваат да креирате и споделувате содржина.
- На пример, фотографии, видеа и информации.

o АПЛИКАЦИИТЕ се алатки кои ви овозможуваат да користите социјални медиуми на мобилен телефон или таблет.

**- Проектот „ТИМОР” ќе им објаснува на сите луѓе дека треба сите да добиваат исти можности. На пример:**

o при добивање на образование;

o при изборот на својата работа;

o да не бидете изоставени ако имате попреченост;

o да имате пристап до најдобрите услуги за секого;

o да не бидете изоставени кога сте стари.

**- Овие правила им помагаат на сите во Европа да бидат дел од заедницата.**



# ЦЕЛНИ ГРУПИ

Целни групи и крајни корисници се:

1. Лицата со попреченост и нивните семејства

o Интелектуалната попреченост често започнува пред да сте возрасни.

o Тоа влијае на вас и вашето семејство за целиот живот.

o За членовите на семејството на лица со попреченост честопати е тешко да најдат време да ги поддржат лицата со попреченост.

o Членовите на семејството на лица со попреченост мораат да работат и заработуваат.

o Членовите на семејството на лица со попреченост треба да направат биланс на работа и живот.

o Биланс на работа и живот значи да имате време да се прават работи надвор од работа.

o Ако малите групни домови се во близина на семејствата на лицата со попреченост, тие би можеле да добијат повеќе време од работа да ги поддржуваат членовите на семејството.

o Подобрата рамнотежа помеѓу работата и животот е дел на Европскиот столб на социјални права.

## 2. Единиците на локалната самоуправа - ЕЛС

- ЕЛС е скратено од единици за локална самоуправа, општина.
- Во ЕЛС припаѓаат местата каде живеат и работат луѓето.
- Луѓето во ЕЛС се организираат да им помогнат на лицата со попреченост.

## 3. Релевантните државни институции

- Тоа се министерствата, центрите за социјална работа и други социјални организации кои помагаат во грижата за лицата со попреченост.

## 4. Граѓански организации (НВО) кои работат во социјални аспекти.

- НВО се групи на луѓе кои работат заедно.
- Овие групи не се поврзани со владата на ниту една земја.
- НВО често се непрофитни организации.
- Тоа значи, тие се обидуваат да направат нешто друго отколку да заработат пари за луѓето што ги водат.



# ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Очекувани резултати од проектот „ТИМОР"

1. Воспоставени услови за поддржано живеење во заедницата, зголемено знаење и зајакнати капацитети на асистенти кои ќе обезбедат услуги за поддржано живеење за лицата со попреченост за деинституционализација.

o Подготвени услови за луѓето што живееле во институции да бидат раселени во мали групни домови. На пример:

- Избрани објекти за мали групни домови;
- Подготовени договори со сопствениците за користење на овие објекти;
- Опремени објекти така да се достапни за лицата со попреченост.

o Едуцирани лица за да им дадат помош на лицата со попреченост за да можат да живеат самостојно во заедницата

- Тоа значи да бидете сигурни дека луѓето кои ќе им помагаат на лицата со попреченост знаат како да го сторат тоа,
- Тие треба да знаат да им дадат лична помош на лицата со Попреченост,
- Лична помош е кога ќе добиете поддршка и тоа е направено само за вас.





2. Преселени лица со попреченост од институциите во единици со поддржано живеење (мали групни домови)

o Подготвени документи за преселување на лица со попреченост.

o Доставени документи до Центрите за социјална работа и старателите / семејствата на лицата со посебни потреби.

o Обезбеден превоз и професионална поддршка за преселување на лица со посебни потреби.

o Преселени лица со попреченост во мали групни домови.

3. Развиени и имплементирни иновативни специјални индивидуални програми преку обезбедување на окупациона (хортикултурна) терапија.

o Подготвени програми за да се научат луѓето кои треба да се грижат за лицата со попреченост како тоа најдобро се работи,

- Секој што ќе се грижи за луѓето со попречност ќе може да ги користи овие програми.

o Подготвен план за садење и нега на различни растенија на земјиште кое е во сопственост на Специјалниот Институт Демир Капија.

o Подготвена програма за да се научат луѓето кои треба да се грижат за градината, како да ги научат лицата со попреченост и тие да се грижат за градината,

- Работата во градината може да помогне да се чуствуваме корисно и убаво кога ќе видиме како растенијата даваат цвет и плод,
- Ова може да ни го направи животот поубав и полесен.

4. Подигната јавна совест за предностите на процесот на деинституционализација и активната вклученост на лицата со попреченост во заедницата

o Луѓето со кои живееме нема да прават сегрегација на лицата со попреченост

- Сегрегација е кога некој е издвоен од другите поради неправедна причина,
- На пример, заради нивната попреченост.

o Луѓето со кои живееме ќе бидат солидарни и ќе живеат во заедница со лицата со попреченост

- Солидарноста значи да им се помогне на другите луѓе,
- Особено на луѓе што не ги знаете.

o Луѓето со кои живееме ќе знаат дека за лицата со попреченост независно живеење значи дека живеат во заедницата и имаат поддршка да го сторат тоа што сакаат.

o Луѓето со кои живееме ќе знаат дека лицата со попреченост можат сами да ги прават следните работи:

- Да направат избори за нивните животи,
- Да склучат брак, формираат семејство и одгледуваат деца,
- Да потпишуваат договори (исто така договори за работа),
- Да имаат банкарска сметка,
- Да ги контролираат нивните пари и имот,
- Да донесуваат одлуки за нивното здравје,
- Да учествуваат во политика и имаат право на глас.





# ВОДЕЧКИ АПЛИКАНТ



**ЦеПроСАРД** е граѓанска организација основана во 2008 година со главен фокус на делување во заштитата на животната средина, социјалните аспекти и одржливиот развој.
Нашиот тим на професионалци од областа на животната средина и социјалните аспекти, земјоделството, техничките науки и економијата ги поседува потребното знаење и искуство за спроведување на најсложените и комплицирани задачи во овие области.
Во изминатите дванаесет години интензивно работевме на развој и имплементација на проекти на локално, национално и меѓународно ниво во тесна соработка со клучните чинители во земјата и странство.

# КО-АПЛИКАНТИ

**1. Специјален Институт (СИ)** Демир Капија е основан во 1956 година со цел давање социјална заштита и поддршка на лицата со посебни потреби. Го поддржува процесот на деинституционализација и преселување на корисниците во мали групни домови. Специјалниот Институт ќе придонесе за реализација на предложените проектни активности преку вклучување на персоналот во обуки и едукација на асистенти за поддржано живеење за лица со посебни потреби. За потребите на проектот, Институтот ќе учествува со свое достапно земјиште за обезбедување на професионална (хортикултурна) терапија. По завршувањето на проектните активности, Институтот и неговиот персонал ќе продолжат да обезбедуваат грижа за лицата со посебни потреби во малите групни домови.



**2. Општина Демир Капија**, обезбедува социјална заштита во согласност со Законот за социјална заштита (член 11). Општина Демир Капија како локална самоуправа донесува програма за социјална заштита секоја година. Програмата предвидува соработка со надлежниот Центар за социјална работа, т.е. Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, соработка со приватниот сектор и невладините организации. Основната цел на оваа програма е развој на интегриран, транспарентен и ефикасен систем за социјална заштита што ќе обезбеди прифатливи, ефикасни и квалитетни мерки и услуги прилагодени на потребите на корисниците кои живеат во општина Демир Капија.

**3. Здружение на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија (АСЕРНМ)** е невладина, професионална и хуманитарна асоцијација на граѓани во која доброволно се здружени специјални едукатори, логопед, специјални (социјални) едукатори и други стручни профили кои работат со лица со посебни потреби, како и со нивните родители или старатели. Целите на Здружението се развој и унапредување на теоријата и практиката на специјалното образование, подобрување на статусот и квалитетот на работата на дефектологијата, промовирање и заштита на интересите на професијата и промоција, заштита, едукација и рехабилитација на лицата со посебни потреби.

**4. Фондацијата Лоза** е со седиште во Шведска и работи за најранливите луѓе во Европа. Благодарение на придонесот на приватните лица и големите корпорации, проектите ги спроведува со локалното население. Во 2018 година, Фондацијата Лоза донираше материјали во делот за рехабилитација за сместување во СИ Демир Капија, кој се состои од четири станови што ќе се користат за процесот на деинституционализација. Тоа беше проект спроведен во соработка со АСЕРРСМ и СИ Демир Капија, а финансиран од УНДП Македонија. Фондацијата Лоза како партнер на конзорциумот ќе придонесе за реализација на потребите на проектот со 10% од вкупниот износ на буџетот за деинституционализација.



Времетраење на проектот:
02 Јануари 2020 - 01 Јануари 2023,
Проектот се имплементира 36 месеци

Изработка текст: Драгана Софрониеска

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
364-786-056.26/.3(497.7)"2020/23"(083.94)
СОФРОНИЕВСКА, Драгана
Timor проект: заедно за повеќе можности и поддршка / [Драгана Софрониевска]. - Скопје : Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој, 2020. - 16 стр. : илустр. ; 25 см
ISBN 978-608-4687-18-4
а) Лица со попреченост - Социјална инклузија - Македонија - 2020-2023 - Проекти
COBISS.MK-ID 51463429

Дизјан и графичка подготовка: Константин Димитровски
Печати: DIGITAL CENTAR